# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# *НА ОПШТИНА ПРИЛЕП*

| Службен гласник на Општина Прилеп – Излегува по потреба | 05 Декември 2007 година<br>Службен гласник број 23<br>Овој примерок чини 100 ден.<br>Годишна претплата 2.000 ден. | Трезорска см. при НБРМ<br>100000000063095<br>Буџет на Општина Прилеп<br>756014065763013 |
|---|---|---|

***Адреса: Питу Гули бр.2, тел.416-454,* www.prilep.gov.mk, email:prilep@prilep.gov.mk**


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ – ПРЕНАМЕНА И ПРОШИРУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2007 ГОДИНА**

1. Одлуката за изменување и дополнување – проширување на Буџетот на Општина Прилеп за 2007 година, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 2674/1
05.12.2007 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристеск

Врз основа на чл.36 ст.1 т.2 од Законот за локална самоуправа ("Сл.Весник на РМ бр.5/2002") , како и чл.26 ст.1 т.4 од Статутот на Општина Прилеп ("Сл.Гласник на Општина Прилеп бр.6/2003 и 4/2005) , Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на ден 04.12.2007 годинаја донесе следната :

**О Д Л У К А**
**за измени и дополнување-пренамена и проширување на Буџетот на Општина Прилеп за 2007 година**

**Чл.1**

Со оваа Одлука се врши измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Прилеп за 2007 година и тоа на следниот начин :

| **М2-Домови за стари лица** | **Буџет** | **Самофинан.** | **Донации** | **Дотации** | **Кредит** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 401320-Храна | | | | -51.730 | | |
| 402110-ПИО | | | | +49.730 | | |
| 402220-Дополнително здравство | | | | +2.000 | | |

| **N1-Основно образование** | **Буџет** | **Самофинан.** | **Донации** | **Дотации** | **Кредит** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 401130-Нето плати | | | | -80.000 | | |
| 402190-Др.придон. за ПИО | | | | -250.000 | | |

| N2-Средно образование | Буџет | Самофинан. | Донации | Дотации | Кредит | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 401130-Нето плати | | | | +80.000 | | |
| 401310-Превоз на вработени | | | | +40.000 | | |
| 401320-Храна | | | | +120.000 | | |
| 401510-Персонален данок | | | | +20.000 | | |
| 402110-ПИО | | | | +60.000 | | |
| 402210-Придонес за здраваство | | | | +10.000 | | |

**Чл.2**

Со оваа Одлука исто така се вршат проширувања на Буџетот на Општина Прилеп за 2007 година И тоа на следниот начин :

| Се зголемуваат приходите на следните подставки **741120 Блок Дотации** | Буџет | Самофинан. | Донации | Дотации | Кредит | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| | | | | 110.000 | | |
| | **Вкупно** | | | **110.000** | | |

И се распоредуват на следните Подпрограми и расходни подставки :

| М2-Домови за стари лица | Буџет | Самофинан. | Донации | Дотации | Кредит | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 401130-Нето плати | | | | 90.300 | | |
| 401510-Персонален данок | | | | 11.000 | | |
| 402210-Придонес за здраваство | | | | 6.000 | | |
| 402310-Придонес за вработување | | | | 2.400 | | |
| 403110-Придонес за водоснабдување | | | | 300 | | |
| | **Вкупно** | | | **110.000** | | |

**чл.3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и станува составен дел на Буџетот на Општина Прилеп за 2007 г. и ќе се објави во Службен Гласник на Општина Прилеп.

бр.07- 2657/2 ПРЕТСЕДАТЕЛ
04.12.2007 год. на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Димитар Стевананција

## АКТ ОД ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

Врз основа на член 84 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ”5/2002) и член 113 став 2 од Статутот на општина Прилеп (“Службен гласник на општина Прилеп” 6/2003), Градоначалникот на општина Прилеп, донесе:

**О Д Л У К А**

За распишување избори на членови на Советите во Месните заедници во Општина Прилеп

Член 1

Со оваа Одлука се распишуваат избори на членови на Советите во Месните заедници во Општина Прилеп.

Член 2

Изборите во Месните заедници во Општина Прилеп ќе се спроведат како следува:

На ден 07.12.2007 година избори да се спроведат во МЗ Селце, во Основното училиште, со почеток во 19,оо часот;

На ден 08.12.2007 година избори да се спроведат во МЗ Мажучиште во Основното училиште, со почеток во 19,оо часот;

На ден 09.12.2007 година избори да се спроведат во МЗ Мало Коњари, во Основното училиште, со почеток во 18,оо часот;

На ден 09.12.2007 година избори да се спроведат во МЗ Големо Коњари во Основното училиште, со почеток во 20,оо часот;

На ден 10.12.2007 година избори да се спроведат во МЗ Плетвар (со Беловодица и Лениште) во Основното училиште, со почеток во 19 часот;

На ден 11.12.2007 година избори да се спроведат во МЗ Тројаци (со Ракле, Никодин, Топлица, Дрен, Смолани и Царевиќ) во Основното училиште, со почеток во 16,оо часот;

На ден 11.12.2007 година избори да се спроведат во МЗ Големо и МЗ Мало Радобил, во Основното училиште, со почеток во 18,оо часот;

На ден 12.12.2007 година избори да се спроведат во МЗ Ерековци, во Основното училиште, со почеток во 18,оо часот;

На ден 12.12.2007 година избори да се спроведат во МЗ Канатларци (со Шелеверци) во Основното училиште, со почеток во 20,оо часот;

На ден 13.12.2007 година избори да се спроведат во МЗ Чепигово, во Основното училиште, со почеток во 18,оо часот;

На ден 14.12.2007 година избори да се спроведат во МЗ Дуње во Основното училиште, со почеток во 16,оо часот;

На ден 14.12.2007 година избори да се спроведат во МЗ Крушевица и Чаниште, во Основното училиште во Крушевица, со почеток во 18,оо часот;

На ден 14.12.2007 година избори да се спроведат во МЗ Витолиште (со Живово и Врбско), во Основното училиште, со почеток во 19,оо часот;

На ден 16.12.2007 година избори да се спроведат во МЗ Тополчани во Основното училиште, со почеток во 20,оо часот;

На ден 17.12.2007 година избори да се спроведат во МЗ Ново и Старо Лагово, во Основното училиште во Старо Лагово, со почеток во 19,оо часот.

Член 3

Изборите ќе ги спроведат членовите на Комисијата за месна самоуправа на Советот на општина Прилеп.

Член 4

Одлуката да се достави Комисијата за месна самоуправа на Советот на општина Прилеп, Месните заедници во Општина Прилеп и да се истакне на видни места во Месните заедници.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 2667/1
05.12.2007 год.
Прилеп

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

# *С О Д Р Ж И Н А*

*на “Службен гласник на Општина Прилеп”*
*број 22 од 28.11.2007 година*

1. Одлуката за изменување и дополнување – пренамена и проширување на Буџетот на Општина Прилеп за 2007 година**.......Стр. 1**

**АКТ ОД ГРАДОНАЧАЛНИКОТ**

2. Одлука за За распишување избори на членови на Советите во Месните заедници во Општина Прилеп**.........................................Стр. 2**

ИЗДАВА: Општина Прилеп
ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК: Марјан Ристески - Градоначалник на Општина Прилеп
ДИЗАЈН И КОМПЈУТЕРСКА ОБРАБОТКА: Горица Чатлеска
ПЕЧАТИ: Одделение за правни и општи работи. Тираж: 60 примероци.